Бр. 09-54/4
22-1 2014
Скопје

**ДО ДЕКАНОТ/ДИРЕКТОРОТ**

**Предмет: Евалуација на УКИМ**

Почитувани,

Во согласност со обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, како и од Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација, а тргнувајќи од определбата за континуирана проверка, оцена и обезбедување квалитет во сите домени на своето дејствување, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје започнаа активностите на универзитетската Комисија за евалуација за подготовка на Извештајот за самоевалуација.

По завршувањето на процесот на самоевалуација, на Универзитетот ќе се спроведе четврта надворешна евалуација, односно втора институционална евалуација од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети (ЕУА).

За успешно спроведување на евалуациониот процес на Универзитетот, неопходна е соработката и ангажманот на единиците на УКИМ. Притоа, напоменуваме дека во рамките на процесот на самоевалуација се предвидува и изведување на посебна студентска анкета. Во таа смисла, за претстојната самоевалуација и за надворешната евалуација треба да бидат информирани наставниот кадар, административните служби и студентите. Препорачуваме оваа информација да се објави на огласните табли и на интернет-страницата на факултетот/институтот, за што во прилог ви доставуваме соодветен текст.

Во текот на изработката на Извештајот за самоевалуација, во кој ќе биде опфатен последниов тригодишен период (2010/2011-2012/2013), Комисијата за евалуација на УКИМ ќе има потреба од постојана комуникација со комисиите за самоевалуација на единиците на УКИМ. За таа цел, Ве молиме во најкраток можен рок да ни доставите **податоци за составот на Комисијата за самоевалуација** на вашиот факултет/институт, како и **контакт-податоци за претседателот на Комисијата за самоевалуација**: име и презиме; телефонски број за контакт (на работа и број на мобилен телефон) и e-mail адреса. Податоците треба да се доставаат на следнава адреса:

odd.nastava@ukim.edu.mk

Со почит,

**Ректор**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Република Македонија Скопје

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Изготвил: М. Анастасова Христова
Контролирал: К. Мокрова
Одобрил: проф. д-р В. Стоилков